# RCA-PHV

CITY RED CROSS OF SKOPJE

# ВОВЕД

*И јас помогнав оваа година. И видов дека не секој живее како мене и моето семејство. Дека не сите имаат тоа што го имаме ние, јас, мојот татко, мојата сестра, моите соседи... Една стара персиска поговорка вели „Плачев зошто немав чевли се додека не видов човек којшто нема нозе“. Дарувајќи дел од нашето време, изработувајќи мали проекти за доборбит на поединецот и заедницата ние учиме за изобилството во коешто живееме. Учиме за самите себеси колку можеме да им помогнеме на другите и колку нашата помош им е вредна и единствена. И сфаќаме колку сме способни и колку можеме.*

*Оваа година во рамките на ЦКА ПХВ програмата се изработени 145 мали проекти. Помогнати се вкупно 2.410 лица преку најразлични креативни активности смислени од младите. Ви даваме можност да ги прочитате и да се инспирирате за некој нареден проект.*

*Запомнете не постојат проблеми, туку само можности за оној којшто е мудар да ги сфати како решенија.*

*И навистина светот може да биде поубаво место за живеење. Зависи од сите нас ....*

*Поздрав до наредна генерација.*

*Со среќа ЦКА ПХВ тимот*

## ОУ "11 Октомври"

## ,,Да ја вратиме насмевката на едно детско лице"

Целта на овој проект беше да се помогне на две и пол годишно дете со собирање на парични средства за скапи помагала за одење. Целната група беше Јане Велковски. За да се оствари овој проект, учениците организираа училишен концерт во училишниот хор. Беа собрани 5000 ден кои потоа ги донирале за потребите на малиот Јане.

***Овој проект е оценет со:*** 5+++(фаза 5, идеја +, истражување +, документирање 0, анимираност на заедницата +)

***Изработиле:***Ирина Банишка, Исток Улчар, Тамара Димковска, Евгенија Крајчевска и Викторија Трајковска.

***Одговорен нставник:*** Билјана Таневска

## ОУ "11ти Октомври"

## ,,Подари насмевки од децата за децата"

Целта на овој проект беше да се помогне на ПОУ (Посебно основно училиште) "Иднина" со донирање на играчки, облека и парични средства. Целната група беа учениците од 1-во до 8-мо одделение. За реализација на оваа цел, беше организирана акција за собирање облека, играчки и парични средства во ОУ "11ти Октомври". Од собирните акции беа собрани 4 340 денари.

***Овој проект беше оценет со:*** 5 ++ (фаза 5, идеја 0, истражување +, документирање , анимираност на заедницата +)

Изработиле: Тамара Симјановска, Филип Илиевски, Бисера Гиновска, Иван Ангеловски, Александра Мицковска, Јелена Николиќ, Христијана Синдлиева, Тијана Ѓурчевска и Тамара Ѓоргиева.

***Одговорен наставник :*** Билјана Таневска

## ОУ "11ти Октомври"
## ,,Твоите десет денари можат да донесат насмевка на нечие лице"

Овој проект имаше за цел со парични средства да помогне на СОС детското село. Целна група беа децата кои живеат во СОС детското село. За да ја постигнат нивната цел, тие организираа собирна акција во училиштето "11ти Октомври". СОС детското село беше краткорочно потпомогнато со средствата собрани на акцијата.

***Овој проект беше оценет со:*** 4 (фаза 4, идеја 0, истражување -, документирање 0, анимираност на заедницата +)

***Изработиле :*** Ангела Настевска, Марија Здравковска, Вера Анѓелковиќ и Ангел Божиновски

***Одговорен наставник:*** Билјана Танеска

## ОУ "11ти Октомври"
## ,,50 насмевки на денот на шегата"

Цел на оваа група  беше да се пренесе радоста и среќата на денот на шегата, 1ви Април во градинката "Раде Јовчевски - Корчагин". Целната група на овој проект беа децата до 3 г. од градинката. За да ја постигне оваа цел групата собираше парични средства и пронајде пејачи од училиштето кои ќе ги забавуваат децата. Со собраните средства беа купени 60 чоколади "Животинско царство", а пак пејачите ги забавуваа пеејќи ги песните од познатите фестивали "Златно славејче"   "Супер ѕвезда".

***Овој проект беше оценет со :*** 4 (фаза 4, идеја +, истражување 0, документирање -, анимираност на заедницата 0)

***Изработиле :*** Вера Димовска, Јована Грачанин, Кристина Лопатичка, Елена Тошевска и Магдалена Градовска

***Одговорен наставник :*** Билјана Таневска

## ОУ "Гоце Делчев"

## ,,Моето срце ќе се насмевне тогаш кога ќе те видам насмеана и среќна"

Овој проект имаше за цел со финансиски средства да помогне за лекувањето на осумгодишно девојче. Целната група беше Јована Станковска, која боледува од церебрална парализа. За да се оствари оваа цел беше одржан хуманитарен концерт во училиштето, со кој беа собрани 7 516 денари. Собраните средства беа донирани за итната операција во Израел.

***Овој проект беше оценет со:*** 5 +++ (фаза 5, идеја +, истражување +, документирање 0, анимираност на заедницата +)

***Изработиле :*** Соња Атанасова, Матеј Поп-Дучев, Надица Атанасова, Елена Нетковска, Викторија Митеска, Теано Кардула, Ивана Недановска

***Одговорен наставник :*** Светлана Бебековска

## ОУ "Гоце Делчев"

## ,,Биди хуман - подај рака"

Оваа група имаше цел да го разубави слободното време на децата од СОС Детското село со донирање на современи забавни игри како Сонѕ Пласстатион. Целна група беа сите деца од детското село. Со одржување на базар беа собрани средства кои беа искористени за да се купи Сонѕ Пласстатион, којшто многу ги израдува децата од СОС Детското село.

***Овој проект беше оценет со:*** 5 (фаза 4+, идеја +, истражување +, документирање 0, анимираност на заедницата 0)

***Изработиле :*** Миа Георгиевска, Лина Гиковска, Василија Јовчевска, Јелена Димитровиќ, Сандра Стојковска, Тамара Марковиќ и Сандра Матеска

***Одговорен наставник :*** Светлана Бебекоска

## О.У "Димитар Миладинов"

## ,,Една капка во океанот"

Целта на овој проект беше да се донираат средства на сметка на ЦКГС за недела на солидарноста. Целната група беа 10 стари социјално загрозени лица од Скопје. За реализација на овој проект беа собрани парични средства преку собирна акција организирана во училиштето. Донирани беа вкупно 4960ден.

***Овој проект е оценет со:*** 4 -( фаза 4, идеја 0, истражување - документирање - анимираност на заедницата +)

***Изработиле:*** Јана Димитровска и Јана Сотировска

***Одговорен нставник:*** Слаѓана Јанчева

## ОУ "Јохан Хајнрих Песталоци"

## ,,Првоаприлска насмевка, подарена од срце"

Целта на овој проект беше да се соберат алишта, обувки и играчки, со коишто ќе се помогне на ромски семејства. Целна група беа 7 ромски семејства од Скопје. За да се оствари целта, оваа група организираше собирни акции, како и секојдневни обилколки во околните згради.
Акцијата беше реализирана на 01.04.2011кога сите донации беа доделени на семејствата.

***Овој проект беше оценет со :*** 4 + (фаза 4+, идеја 0, истражување 0, документирање -, анимираност на заедницата +)

***Изработиле :*** Мила Симовска, Виктор Гилев, Ана - Бела Јовчевска, Александар Недељковиќ

## ОУ "Јохан Хајнрих Песталоци"

## ,,Ајде да се дружиме"

Целта на овој проект беше да се помогне на деца со оштетен вид од училиштето "Димитар Влахов" и да се покаже дека не се поразлични и останати. За извршување на овој проект учениците изложија кутија во нивното училиште за собирање на парични средства. Беа собрани 2000 ден. со кои купија разни продукти за децата со оштетен вид.

***Овој проект е оценет со:*** 4-(фаза 4, идеја 0, истражување -, документирање 0, анимираност на заедницата 0)

***Изработиле:*** Ана Стаменковиќ, Лара Маринковиќ, Доријан Длака, Катерина Жерновска и Симона Тлакоска.

***Одговорен нставник:*** Андријана Грујовска

## О.У. ,,Коле Неделковски"

## ,,Твојата стара обелка може да биде нечија голема радост"

Целта на овој проект беше им се помогне на деца без родители. За целна група беа избрани децата од домот за деца без родители ,,11-ти Октомври" од Скопје. На овие деца им беше помогнато со пакети стара облека. За оваа цел беше организирана собирна акција на стара облека, одржана во основното училиште ,,Коле Неделковски".

***Овој проект беше оценет со:*** 4++ (фаза 4+, идеја 0, истражување 0, документирање 0 и анимираност на заедницата +).

***Изработиле:*** Нина Николовска, Ивана Павловска, Стојан Гешовски, Исток Бузлиев, Тодор Србиновски и Стефан Шевченко

***Одговорен нставник:*** Драги Јаневски

## О.У. ,,Коле Неделковски"
## ,,Твојата храна може да биде нечија голема радост"

Целта на овој проект беше да се помегне на едно загрозено семејство од Скопје со голем број прехранбени продукти. Целна група беше едно семејство од Скопје. За реализација на целта беше организирана собирна акција за прехрамбени продукти. Акцијата беше организирана во просториите на основното училиште ,,Коле Неделковски".

***Овој проект беше оценет со:*** 4+ (фаза 4, идеја 0, истражување 0, докумнетирање 0 и анимираност на заедницата +).

***Изработиле:*** Давид Стефанов, Петар Вилеров, Нино Виданоски и Дарио Димовски

***Одговорен нставник:*** Драги Јаневски

## ОУ ,,Кочо Рацин"
## ,,Еден поинаков 8-ми Март"

,,Еден поинаков 8-ми Март" беше проект кој имаше за цел да го подобри секојдневниот живот на три самохрани мајки и на наивните малолетни деца, со тоа што ќе им обезбеди материјална и парична помош. Целна група на овој проект беа три самохрани мајки од Скопје (населба Ченто). Учениците ја постигнаа својата цела преку организирање на хуманитарна караоке забава, продажба на колачиња и собирна акција за стари алишта, обувки и играчки. Тие собраа 18 000 денари со кои купија бела техника, кои заедно со старите алишта, обувки и играчки беа донирани на семејствата.

***Овој проект е оценет со:*** 5 +++ и сонце (фаза 5, идеја +, истражување +, документирање 0, анимираност на заедницата + и сонце за особена благородност).

***Изработиле:*** Лара Бојаџиева, Димитар Димитров, Антонија Грнчаровска, Тијана Источка, Драган Ванчов, Стефан Неделковски, Елена Лошкова, Илин Караѓозов и Росица Поп-Костова

***Одговорен нставник:*** Марта Јордановска

## ОУ ,,Кочо Рацин"

### ,,Со книга времето е забава"

Овој проект имаше за цел да направи библиотека на Клиниката за детски болести, со што на пациентите (деца од 5 до 14 години) им се овозможи забавно и квалитетно време. Целна група беа децата од Клиниката за детски болести. За оваа цел, учениците соработуваа со повеќе издавачки куќи, за на крајот да бидат донирани 418 книги, 600 списанија, а беа собрани и 1700 денари, со кои беше купен прибор за пишување и цртање, кој потоа беше поделен и употребен.

***Овој проект е оценет со:*** 5+++ (фаза 5, идеја +, истражување +, документирање 0 и анимираност на заедницата +).

***Изработиле:*** Дејана Поповска, Лара Недељковиќ, Стефан Брајковски, Александар Јанковиќ, Моника Дукоска и Емил Поповски

***Одговорен нставник:*** Марта Јордановска

## ОУ ,,Кочо Рацин"

### ,,All I need is Music " (,,Се што ми треба е музика")

Целта на овој проект беше да се помогне во лекувањето на жена болна од рак, со собирање на парични средства. Целна група беше наставничката Даринка, која е болна од рак. За собирање на паричната помош, беше организирана забава во клубот ,,Вулкан", каде што гостите на забавата донираа по 100 денари, што всушност беше влез од секој гостин. На забавата беа собрани 6500 денари, од кои 4000 беа искористени за изнајмување на просторот, а 2500 денари кои останаа, заедно со другите парични средства кои беа собрани во училиштето беа донирани за лекување на наставничката Даринка.

***Овој проект е оценет со:*** 5++ (фаза 5, идеја +, истражување 0, документирање 0 и анимираност на заедницата +).

***Изработиле:*** Сара Димовска, Дарија Тимофејев и Ана Стојаноска

***Одговорен нставник:*** Марта Јордановска

## ОУ ,,Кочо Рацин"

### ,,Бидете хумани, подарете живот"

Овој проект имаше за цел да се помогне на 6 годишно дете, коешто преживеало сообраќајна несреќа и се здобило со скршеници на нозете и повреда на главата. Во училиштето беше одржан базар на којшто беа собрани 17 000 денари, преку продажба на рачни изработки, направени од ученици од ова училиште. Собраните пари беа донирани за потребното лекување.

***Овој проект беше оценет со:*** 5+ (фаза 5, идеја +, истражување -, документирање  и анимираност на заедницата +).

***Изработиле:*** Маја Кундеска, Стефан Димовски, Бошко Соколов, Тијана Стојановска, Сања Јованова, Христина Стефановска, Симона Мицковска и Јана Павлова

***Одговорен нставник:*** Марта Јордановска

## ОУ ,,Кирил и Методиј"

### ,,За нашата другарка Марија"

Целта на проектот беше младинците да и дадат поддршка на нивната другарка Марија, која прерано остана без своите родители. Марија беше целна група на проектот. За реализација на проектот беа изработени две слаткаријади (базар на кој се продаваат слатки) преку кои беа собрани доволно парични средства. Со овие пари беа купени разни подароци (играчки, обувки) за Марија и децата кои живеат со неа.

***Овој проект беше оценет со:*** 5+ (фаза 5, идеја +, истражување 0, документирање -, анимираност на заедницата +).

***Изработиле:*** Клаудија Симоновска, сара Манџуковска, Марија Костадиновска, Нида Караметi, Стефанија Кралевска, Александар Миливојевиќ, Ана Стефановска, Дина Потуровиќ

***Одговорен нставник:*** Бојана Бачоска

## ОУ "Св. Кирил и Методиј"

## ,,Приказната за Рекс и Јована"

Целта на овој проект беше вакцинација и вдомување на кучето Рекс во домот на Јована. Целна група на овој проект беше кучето Рекс, коешто многу често било малтретирано од децата во околината. Со собирна акција беа собрани средства со кои беше платена вакцинацијата на Рекс и тој беше вдомен во домот на Јована и стана дел од нејзиното семејство.

***Овој проект беше оценет со :*** 5 (фаза 4 +, идеја +, истражување 0, документирање 0, анимираност на заедницата +)

***Одговорен наставник :*** Бојана Бачоска

## ОУ "Св. Кирил и Методиј"

## ,,Сите живееме под исто небо"

Целта на овој проект беше да се помогне на сиромашно семејство. Целната група беше сиромашно семејство од Топаана. За остварување на овој проект учениците организираа неколку хуманитарни акции за собирање на стара облека. Потоа беа подготвени 18 пакети од собрана облека и беа однесени на семејството.

***Овој проект е оценет со:*** 4+ (фаза 4+, идеја 0, истражување 0, документирање 0, анимираност на заедницата 0)

***Изработиле:*** Талија Јаковчевска, Љупка Цветановска, Клаудија Симоновска, Мирјана Плотникова, Јована Плотникова, Елма Мавриќ и
Садија Реџович.

***Одговорен нставник:*** Бојана Бачоска.

## ОУ "25 Мај"
## ,,Твојот денар може да биде нечија голема радост"

Целта на овој проект беше да се помогне на инвалидизираните луѓе кои го посетуваат училиштето во кое учат младинците. Целната група беа лицата кои имаа физички хандикеп. За да го остварат овој проект учениците изработија цртежи кои потоа ги претставија на изложба во нивното училиште. На таа изложба родителите имаа можност да ги купуваат цртежите, а беа собрани 4800ден. Освен тоа училиштето донираше уште 6000ден. со кои потоа беше изградена патека која им овозможува на инвалидизираните луѓе полесен влез во училиштето.

***Овој проект беше оценет со:*** 5++(фаза 5, идеја +, истражување 0, документирање 0, анимираност на заедницата +)

***Изработиле:*** Улбер Гаши, Кадир Муса и Енсар Лимај.

***Одговорен нставник:*** Ајдир Сејди

## ОУ "25 Мај"
## ,,Твојата стара облека може да биде нечија голема радост"

Целта на овој проект беше да се помогне на сиромашни деца со донирање на облека. Целната група беа 30 деца од ОУ "25 Мај". За реализацијата на овој проект во училиштето беа собрани стари алишта од страна на учениците. Беа собрани 7 кутии кои потоа беа доделени на деца на кои им беа потребни.

***Овој проект е оценет со:*** 4 (фаза 4, идеја 0, истражување 0, документирање 0, анимираност на заедницата 0)

***Изработиле:*** Арбреша Буци, Кадир Муса и Улбер Гаши.

***Одговорен нставник:*** Ајдар Сејди

## ДМБУЦ "Илија Николовски-Луј"
## ,,Со музика и танц до насмеани лица"

Целта на овој проект беше да се промени монотоното секојдневие на хендикепираните луѓе од центарот "Порака". Целната група беа членови на центарот за додршка на лица со интелектуална попреченост- Порака. Реализацијата беше успешна и беше пријатно изненадување за членовите, всушност априлијадата беше претворена во забава со лицата кои танцуваа и пееја.

***Овој проект е оценет со:*** 4++(фаза 4+, идеја +, истражување 0, документирање 0, анимираност на заедницата 0)

***Изработиле:*** Андова Марија и Спиридоновска Стојка.

***Одговорен нставник:*** Љиља Трајковска.

## ДМБУЦ "Илија Николовски-Луј"
## ,,Првата помош ги намалува последиците"

Целта на овој проект беше да се изврши дисеминација на учениците со која заинтересираните ученици ќе добијат еднодневно предавање по Прва Помош. Целната група беа заинтересирани ученици од училиштето и екипата за натпревар по прва помош.

***Овој проект беше оценет со:*** 4 - -( фаза 4, идеја 0, истражување -, документирање -, анимираност на заедницата 0)

***Изработиле:*** Теодора Димеска, Сара Александровска, Ана-Марија Михајловска, Павлина Стефанова, Маргарита Ристовска, Магдалена Ристовска и Ема Ананиевска.

***Одговорен нставник:*** Љиља Трајковска

## С.У.Г.С Гимназија "Јосип Броз Тито"
## ,,Повеќе насмеани лица"

Целта на овој проект беше да се помогне на градинката "Росица" со донирање на прибор за работа. Целната група беа сите групи на деца од градинката "Росица". За реализација на идејата организирана беше собирна акција во просториите на училиштето на која се собраа доволно материјали за сите групи од градинката.

***Овој проект беше оценет со:*** 4++(фаза 4, идеја 0, истражување +, документирање 0, анимираност на заедницата +)

***Изработиле:*** Барту Шахин, Сонер Ахмет, Орхан Муминовски, Александра Василевска, Александар Василевски и Јована Спиркоска.

***Одговорен нставник:*** Такис Андонакис

## С.У.Г.С Гимназија "Јосип Броз Тито"
## ,,Полни стомачиња-среќни дечиња"

Целта на овој проект беше да се поддржи градинката “Раде Јовчевски Корчагин” преку донирање на храна и играчки. Храната беше обезбедена од шпанскиот контигент на КФОР, а пак играчките беа обезбедени преку собирна акција спроведена во гимназијата Јосип Броз Тито во Скопје.

***Овој проект е оценет со:*** 4+ (фаза 4, идеја 0, истражување 0, документирање 0 и анимираност на заедницата +).

***Изработиле:*** Дарија Двојаковска, Марија Црвенковска, Александра Василевска, Наташа Бибановска, Марко Спасовски, Метин Ибраким, Бурак Рахман и Окан Вата

***Одговорен нставник:*** Такис Андонакис

## С.У.Г.С Гимназија "Јосип Броз Тито"
## ,,Подарена книга за насмеано детско лице"

Целта на овој проект беше да се помогне на училишната библиотека од основното училиште "Мустафа Кемал". Целната група на овој проект беа учениците од основното училиште "Мустафа Кемал". За реализација на оваа цел беше организирана собирна акција на која беа собрани 100 книги, со што се збогати фондот на училишната библиотека.

***Овој проект беше оценет со:*** 4 + (фаза 4, идеја +, истражување 0, документирање 0, анимираност на заедницата 0)

***Изработиле :*** Тајфун Мурсел, Раиф Рахман, Фуркан Алили, Елефтерија Поповска, Оли Стојановски, Петар Догов

***Одговорен наставник :*** Такис Андонакис

## Клуб на млади на ЦКГС
## ,,Преку забава хумани за Ѓорѓи"

Целта на овој проект беше да се помогне лекувањето на Ѓорѓи Тодоровски преку собирање на парични средства. Целна група беше 13 годишниот Ѓорѓи Тодоровски кој болува од Спинална мускулна атрофија тип 3. За да се оствари оваа цел беше организирана забава во кафулето Ецпериенце. Од присутните гости беа собрани 11 380 денари кои беа донирани за лекувањето на Ѓорѓи Тодоровски.

***Овој проект беше оценет со :*** 5 + (фаза 4 +, идеја +, истражување +, документирање 0, + анимираност на заедницата)

***Изработиле :*** Марија Димовска, Леа Авдиќ, Катерина Елениска, Соња Митиќ

***Дисеминатор :*** Ана Франциќ

## Гимназија ,,НОВА"
## ,,Помош на социјално згрозено семејство"

Целта на овој проект беше реновирање на домот на едно социјално загрозено семејство со самохран татко. Целна група на проектот беше едно вакво семејство од с. Кучевиште, Чучер Сандево. За реализација на оваа цел беа направени колачиња и сендвичи кои беа продавани во гимназијата ,,НОВА", со цел да се собере парична помош за семејството. Вкупно беа собрани 3000 денари, но тие не беа доволни, па затоа беа најдени спонзори (фирмите ,,Мегатехна" ,,Политехна" и др.) кои дадоа мебел и покуќнина. Со собраните пари беа купени крпи, ќебиња, завеси и др.

***Овој проект беше оценет со:*** 5+++ и сонце (фаза 5, идеја +, истражување +, документирање 0 и анимираност на заедницата +, сонце за особена благородност).

***Изработиле:*** Олга Рајциќ, Христијан Божиновски, Стефан Мацура и Борис Алексовски

***Одговорен нставник:*** Соња П. Миланова

## ОУ ,,Партенија Зографски"
## ,,И малку е многу"

Целта на овој проект беше, по повод велигденските празници, да им се купат подароци на оние кои не можат да си го дозволат тоа. Целна група на проектот беа децата од Домот за деца со оштетен вид. За да се соберат пари за подароците, беше организирана акција на која, со продажба на рачно изработен накит, беа собрани 1200 денари. Потоа, беа собрани уште 900 денари преку доброволни прилози. Со овие пари (2100 денари вкупно) беа купени 22 подароци, кои потоа им беа дадени на децата од Домот.

***Овој проект беше оценет со:*** 5 (фаза 4+, идеја +, истражување 0, документирање 0, анимираност на заедницата +)

***Изработиле:*** Елена Кочовска, Марија Давчевска, Наташа Николовска, Ана Марија Миланова, Матодија Ставров

***Одговорен нставник:*** Билјана Јовановска

## ОУ ,,Партенија Зографски"

## ,,И ти биди дел од нас"

Целта на овој проект беше да се обучат младите луѓе за основите на Црвениот Крст. Целната група беа учениците од 3-то и 4-то одделение. За реализацијата на овој проект учениците ја спроведоа ова едукативна акција со желба помалите да станат волонтери и да бидат корисни за општеството.

**Овој проект беше оценет со:** 4+(фаза 4, идеја + истражување 0, документирање 0, анимираност на заедницата 0)

***Изработиле:*** Елена Кочовска, Марија Давчевска, Наташа Николовска, Анамарија Миланова, Методија Ставров и Ангела Донева.

***Професор :*** Билјана Јовановска.

## ОУ ,,Партенија Зографски"

## ,,Ние сакаме вие можете"

Целта на овој проект беше да се организира крводарителска акција во училиштето. Целната група беа родителите на учениците и вработените во училиштето. За да ја постигнат својата цел учениците изработија анкетни листови и соопштенија со кои добиа 23 пријавени родители, но сепак поради велигденските празници и други активности, акцијата ја закажаа кон крајот на Април.

***Овој проект беше оценет со:*** 3+(фаза 3, идеја 0, истражување 0, документирање 0, анимираност на заедницата +)

***Изработиле:*** Елена Кочовска, Марија Давчевска, Наташа Николовска, Ана Марија Миланова и Методија Ставров

***Одговорен нставник:*** Билјана Јовановска

**www.skopje-redcross.org.mk**